НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Erasmus+ ЕВРОПСКИ СОЛИДАРЕН КОРПУС

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД ДИСЕМИНАЦИЈА НА ТЕМА

CREATIVE THINKING-Problem Solving-Managing Classrooms and Opening Minds for 21st Century

**КРЕАТИВНО РАЗМИСЛУВАЊЕ – Решавање проблеми-менаџирање во училници и отворање на умовите за 21. век**

**<u>Време и место на реализација:</u>**

5.VII 2024 година, во ООУ„Јохан Хајнрих Песталоци“ – Центар, Скопје

**<u>Учесници:</u>** Наставници од основните училишта во општина Центар - Скопје

**<u>Реализатор:</u>** **Катерина Атанасова** - Директор во ООУ„Јохан Хајнрих Песталоци“

**Вовед:**

Креативното размислување е способност која ни овозможува да генерираме нови идеи и да најдеме интелигентни и ефективни решенија за сложени проблеми. Креативноста претставува производство на нови и корисни идеи со собирање на претходните знаења и информации. Колку повеќе знаења, поими и претстави имаме складирано во умот, толку е поверојатно да формираме нови сознанија.

Креативното размислување во наставата е од суштинско значење за подобрување на учењето и ангажирање на учениците. Креативното размислување му овозможува на ученикот да учи благодарение на креативноста и на тој начин да стекнува нови знаења. Неопходно е наставникот постојано да пронаоѓа и применува иновативни методи во наставата за развивање на критичко и креативно размислување кај учениците.

**Цел на дисеминацијата**:

- Разбирање на концептот на креативното размислување и неговата важност во образованието.
- Идентификување на бариерите за креативно размислување.
- Истражување на стратегии и техники за поттикнување на креативноста во училницата.
- Согледување на проблемите и препреките во наставата - дискусија и искуствена анализа.
- Техники за поттикнување на креативноста во образованието.
- Стратегии за надминување на бариерите за креативно размислување.

**Содржина на обуката:**

Дисеминацијата беше организирана во три сесии со однапред планирани активности и нивно времетрање. На учесниците им беше споделена Агендата за работа и се потпишаа во списокот за евиденција на присуство.





**Прва сесија – 150 минути**

1. **Воведна активност** за создавање позитивна и интерактивна средина за учење: „Раскажувачки синџир“.

- Работа во групи со задача да состават заедничка приказна. Првата реченица беше дадена од реализаторите. Секој учесник во својата група требаше да запише по една реченица надградувајќи го она што претходниот го запишал.
- Се дискутираше за применливоста на ваков вид активности преку кои се охрабрува креативноста, соработката и активното слушање.





2. **Дефинирање на поимот креативно размислување** и истакнување на важноста во наставата и севкупниот процес на учење.
3. Преку споделување добри практики и **искуства од наставата**, со учесниците се дискутираше за вообичаени заблуди и митови за креативноста, надареност и талент:

- Креативноста не е подарок само за ретките. Креативноста е вродена способност која може да се развие.
- Креативноста често не се развива бидејќи тоа подразбира посветеност, потребно е време и конзистентност на личноста во процесот на создавање функционални идеи.
- Креативноста може да се развива и усовршува со вежба, образование и истражување.
- Нашите ученици треба да ги охрабриме, да не се откажуваат на првите тешкотии.

4. **Применливост на Блумовата таксономија во наставата** и разбирање на теоријата за три нивоа на учење и усвојување на знаењата:

- Когнитивно (усвојување на знаењата)
- Афективно (формирање ставови, вредности и интереси)
- Психомоторно (стекнување вештини)

5. **Искуствена анализа и дискусија** за можноста да се применат и адаптираат креативните наставни практики, предизвици и потреба од соработка на наставниците и споделување лични искуства и добри наставни практики.

6. **Тема: Стратегии за надминување на бариерите за креативно размислување**

Истакнати се четири корисни совети за справување со најчестите бариери во процесот на работата и учењето:

I. Почни! И кога немаме инспирација, потребно е да почнеме, можеме да напишеме список на работи кои можат да бидат корисни, не треба да се фокусираме на конечниот резултат, туку на почетокот.

II. Имај верба! Кога имаме верба во себе и својата работа, поверојатно е дека ќе успееме да истражиме и добиеме нови идеи.

III. Талент или способност. Талентот е нешто со што се раѓаме. Сепак, вештината е плод на постојаното учење и пракса.

IV. Замор. Треба да го организираме креативниот процес, да направиме паузи кога е потребно и да не се преоптоваруваме, сите задачи не можеме да ги извршуваме во исто време.

**Резултати:**

Очекувани резултати од спроведената дисеминација се дека креативното размислување во наставата може да биде придобивка за учениците и нивното образование.

1. **Подобрени вештини за решавање на проблеми и креативно размислување**: Креативните наставни методи им овозможуваат на учениците да учат со сопствено темпо и ги предизвикуваат да смислат иновативни решенија.

2. **Подобрена благосостојба на учениците**: Внесувањето на креативност во образовните практики создава средини во кои учењето напредува и се дава приоритет на севкупната благосостојба на учениците.

3. **Подобрена ангажираност и интерес на учениците**: Иновативните методи на настава ги поттикнуваат учениците да се приклучат проактивно и да комуницираат со своите соученици и со наставникот за време на часовите.

4. **Повеќе фокус на учениците**: Креативните наставни методи се насочени кон учениците, нивните потреби и начинот на учење, што може да им помогне да растат побрзо

**Заклучоци:**

За развивање на креативното размислување во наставата:

- Важна улога играат родителите, домот, а не само наставниците во училиштето. Потребно е постојано стимулирање на децата, а не да се попречуваат со создавање т.н. креативен простор.
- Учениците треба да се поттикнуваат секогаш да го земаат во предвид мислењето и идејата на другите, да соработуваат во групата и училницата.
- Да се елимира стравот од грешки и неуспех, учениците постојано да се охрабруваат да размислуваат дивергентно.
- Потребен е пристап во наставата во која учениците можат да се изразат слободно, со разбирање, не мора да биде кажано како што е напишано во учебникот.
- Да се побара од учениците да измислат приказна, рима или песна за одредена тема, лекција, за поими или формули како еден од наједноставните, но истовремено многу ефикасни начини за ученикот слободно да се изрази и полесно да ги усвои знаењата.
- Вклучување на активности и методи за креативно размислување во наставните планирања
- Поддршка на наставниците со ефективни обуки и потребни ресурси за успешна имплементација на креативното размислување во училницата.